**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 септември 2020 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: август[2] 2020 година

- Просечната каматна стапка на вкупните кредити во август 2020 година изнесува 4,73% и бележи месечен и годишен пад од 0,02 п.п. и 0,40 п.п., соодветно. Просечната каматна стапка на вкупните депозити е намалена за 0,06 п.п. на месечно ниво и изнесува 0,99%. На годишно ниво, оваа каматна стапка е пониска за 0,39 п.п.

- Просечната каматна стапка на новоодобрените[3] кредити овој месец изнесува 3,94% и оствари месечно и годишно намалување од 0,04 п.п. и 0,67 п.п., соодветно. Просечната каматна стапка на новопримените депозити забележа месечен пад од 0,15 п.п. и се сведе на 0,54%. Споредено со истиот период од минатата година, таа е намалена за 0,56 п.п.

### Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити[4,5]

| | 8.2019 | 9.2019 | 12.2019 | 1.2020 | 2.2020 | 3.2020 | 4.2020 | 5.2020 | 6.2020 | 7.2020 | 8.2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **5.13** | **5.09** | **4.94** | **4.93** | **4.91** | **4.89** | **4.86** | **4.83** | **4.80** | **4.75** | **4.73** |
| Корпоративен сектор | 4.38 | 4.32 | 4.17 | 4.13 | 4.11 | 4.08 | 4.01 | 3.97 | 3.93 | 3.89 | 3.85 |
| Домаќинства | 5.84 | 5.81 | 5.70 | 5.69 | 5.67 | 5.64 | 5.65 | 5.64 | 5.63 | 5.56 | 5.55 |
| **Новоодобрени кредити** | **4.61** | **4.46** | **4.15** | **4.46** | **4.33** | **4.12** | **3.77** | **3.92** | **3.94** | **3.98** | **3.94** |
| Корпоративен сектор | 4.22 | 4.11 | 3.80 | 4.19 | 3.82 | 3.79 | 3.66 | 3.71 | 3.68 | 3.64 | 3.58 |
| Домаќинства | 5.22 | 5.10 | 4.71 | 4.91 | 4.95 | 4.83 | 4.38 | 4.43 | 4.42 | 4.48 | 4.37 |
| **Вкупни депозити** | **1.38** | **1.36** | **1.26** | **1.20** | **1.19** | **1.11** | **1.11** | **1.10** | **1.09** | **1.05** | **0.99** |
| Корпоративен сектор | 1.58 | 1.67 | 1.53 | 1.48 | 1.49 | 1.24 | 1.28 | 1.24 | 1.27 | 1.29 | 1.15 |
| Домаќинства | 1.35 | 1.32 | 1.23 | 1.17 | 1.15 | 1.10 | 1.09 | 1.08 | 1.07 | 1.03 | 0.98 |
| **Новопримени депозити** | **1.10** | **1.27** | **1.14** | **0.95** | **0.98** | **0.54** | **0.61** | **0.62** | **0.64** | **0.69** | **0.54** |
| Корпоративен сектор | 0.89 | 1.32 | 1.11 | 0.71 | 0.56 | 0.20 | 0.37 | 0.34 | 0.43 | 0.57 | 0.41 |
| Домаќинства | 1.23 | 1.24 | 1.17 | 1.07 | 1.19 | 0.94 | 1.01 | 0.91 | 0.85 | 0.79 | 0.66 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Податоците за каматните стапки заклучно со август 2020 година, не ги вклучуваат податоците за една банка на која во август 2020 година ѝ е укината дозволата за основање и работење и е отворена стечајна постапка. Исклучувањето на податоците за оваа банка во август влијае на месечните и годишните промени анализирани во ова соопштение.

[3] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити/новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити/кредити (коишто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

[4] Ефектите од промените во методологијата објавени во информацијата на 20 јули 2018 година (www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf) не се согледуваат кај поединечните категории каматни стапки на депозитите/кредитите (во денари без валутна клаузула, во денари со валутна клаузула и во странска валута), туку само кај агрегираните каматни стапки (во денари и во странска валута) коишто не се предмет на анализа во соопштението, но се објавуваат на интернет-страницата на НБРСМ.

[5] Во август 2020 година е укината дозволата за основање и работење на една банка. Податоците за каматните стапки за јули 2020 година ги вклучуваат јунските податоци за каматните стапки за оваа банка.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[6]

– Просечната каматна стапка на вкупните кредити одобрени на корпоративниот сектор овој месец изнесува 3,85% и на месечна основа се намали за 0,04 п.п. Надолната промена се должи на падот кај сите компоненти на оваа каматна стапка: каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,05 п.п.), каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,04 п.п.) и каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,02 п.п.). Во споредба со истиот период од претходната година, оваа каматна стапка е пониска за 0,53 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Во август годинава, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор бележи месечен пад од 0,06 п.п. и изнесува 3,58%. Притоа, падот целосно произлегува од намалувањето на каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,21 п.п.), во услови на раст на каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,28 п.п.) и каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,06 п.п.). На годишно ниво, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор оствари пад од 0,64 п.п.







Извор: НБРСМ.

---

[6] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

– Просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор, во август се намали за 0,14 п.п. на месечно ниво и изнесува 1,15%. Месечниот пад произлегува од намалувањето на каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,42 п.п.) и каматните стапки на депозитите во денари без валутна клаузула (за 0,04 п.п.), при непроменета каматна стапка на денарските депозити со валутна клаузула. Во споредба со август минатата година, оваа каматна стапка бележи пад од 0,43 п.п.

– Овој месец, каматната стапка на новопримените депозити[7] на корпоративниот сектор изнесува 0,41% и оствари месечно намалување од 0,16 п.п., во споредба со јули. Гледано според валутната структура, падот се објаснува со намалувањето на сите компоненти на оваа каматна стапка, и тоа: каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,23 п.п.) и каматните стапки на денарските депозити без и со валутна клаузула (за 0,07 п.п. и 0,05 п.п., соодветно). Каматната стапка на новопримените депозити на корпоративниот сектор е намалена за 0,48 п.п., споредено на годишно ниво.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[8]







Извор: НБРСМ.

– Каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата, во август забележа месечен пад од 0,01 п.п. и изнесува 5,55%. Надолната промена е како резултат на пониските каматни стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,02 п.п.) и каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,01 п.п.), во услови на непроменета каматна стапка на денарските кредити без валутна клаузула. На годишна основа, кај оваа каматна стапка е остварен пад од 0,29 п.п.

[7] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.
[8] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

– Во август, просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата изнесува 4,37%, што претставува месечно намалување од 0,11 п.п. Месечната промена се должи на намалувањето на каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,11 п.п.) и каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,09 п.п.), при непроменета каматна стапка на денарските кредити без валутна клаузула. На годишно ниво, просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата забележа намалување за 0,85 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Просечната каматна стапка на вкупните депозити на домаќинствата во август оствари месечен пад од 0,05 п.п. и изнесува 0,98%. Анализирано по валута, надолната месечна промена произлегува од намалувањето на сите компоненти на оваа каматна стапка: каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,06 п.п.), каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,03 п.п.) и каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула (за 0,02 п.п.). Во споредба со август претходната година, оваа каматна стапка е намалена за 0,37 п.п.

– Во август, просечната каматна стапка на новопримените депозити на домаќинствата[9] изнесува 0,66% и во споредба со јули годинава забележа пад од 0,13 п.п. Притоа, падот е како резултат на намалувањето на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,17 п.п.) и депозитите примени во странска валута (за 0,02 п.п.), во услови кога каматната стапка на депозитите во денари со валутна клаузула остана иста. Просечната каматна стапка на новопримените депозити на домаќинствата е пониска за 0,57 п.п., споредено на годишна основа.

[9] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците
http://www.nbrm.mk/statistika_na_kamatni_stapki.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 30 октомври 2020 година (референтен пресек заклучно со септември 2020 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/110/108).